**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 143 став 4 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за условите и постапката за спроведување на планот за рехабилитација и планот за пренос на средствата и обврските (*)
## („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2010)

I. Во Одлуката за условите и постапката за спроведување на планот за рехабилитација и планот за пренос на средствата и обврските („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/2008), се вршат следниве изменувања и дополнувања:

1. Во главата II точка 8, втората реченица од ставот 2 се брише.

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4 коишто гласат:

„Во случаите кога планот за рехабилитација предвидува продажба на актива на банката, со планот може да се предвиди продажба само на активата во форма на кредити, со исклучок на кредитите дадени на штедилници и на домашни и странски банки. Активата во форма на кредити што се продава, се продава со сите споредни права коишто произлегуваат од таа актива, вклучувајќи го и нејзиното обезбедување, а може да се продаваат и основните средства поврзани со таа актива.

Гувернерот на Народната банка пропишува процедури за спроведување на продажбата на актива на банката, коишто се однесуваат на:

- начинот на идентификување и вреднување на активата што се продава, согласно со ставот 3 од оваа точка;
- критериумите за идентификување и избор на квалификуваните понудувачи;
- начинот на организирање и спроведување на затворената понуда;
- избор на најдобрата понуда, односно на банката-купувач;
- содржината на договорот за доверливост на податоците поврзани со продажба на активата на банката во администрација (во понатамошниот текст: стандардниот договор за доверливост при продажба на активата), со кој се дефинираат правата и одговорностите на лицата - потписници на овој договор;
- содржината на договорот за продажба на активата на банката во администрација (во понатамошниот текст: договорот за продажба на актива);

* Со овој подзаконски пропис (акт) се врши усогласување со прописот на Европската унија (Директива 2001/24/ЕЦ на Европскиот парламент и на Советот од 04.04.2001 година за реорганизација и ликвидација на кредитни институции, коригирана со 32001Л0024Р(01), број 32001Л0024).

- начинот и постапката на прекинување на продажбата на активата на банката во администрација.“

2. Во главата III точка 13 се додаваат два нови става 5 и 6, коишто гласат:

„Средствата што ќе се пренесуваат треба да се со соодветен квалитет којшто нема да влијае негативно врз можноста за остварување на преносот и врз профилот на ризичност на банката-купувач. Како средства со соодветен квалитет коишто можат да се вклучат во планот за пренос на средствата и обврските се сметаат:

- побарувањата од штедилници и домашни и странски банки;
- вложувањата во хартии од вредност издадени од Република Македонија, Народната банка, Европската централна банка, владите и централните банки на земјите-членки на Европската унија, Швајцарија, Канада, Јапонија, Австралија, Норвешка и САД;
- другите вложувања во хартии од вредност со кои се тргува на берзата или на друг регулиран пазар на кој ќе може во секој момент да се провери нивната пазарна вредност;
- побарувањата од мултилатерални развојни банки;
- побарувањата обезбедени со првокласни инструменти за обезбедување;
- редовните кредити, каматите и другите побарувања коишто немаат нефункционален статус;
- основните средства;
- преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања.

Средствата од ставот 5 од оваа точка се пренесуваат заедно со сите споредни права коишто произлегуваат од нив, вклучувајќи го и нивното обезбедување. “

3. Во главата III точка 15 став 2, по зборовите: „завршувањето на преносот“, се додаваат зборовите: „и донесувањето на решението за одземање на дозволата за основање и работење на банката во администрација“.

4. Во главата III точка 18 став 1 алинеја 8 се менува и гласи:

„ - обезбедување присуство на затворената понуда само на оние квалификувани понудувачи коишто го потпишале договорот за доверливост на податоците поврзани со преносот на средствата и обврските на банката во администрација (во понатамошниот текст: стандардниот договор за доверливост при преносот на средствата и обврските). Со стандардниот договор за доверливост при преносот на средствата и обврските се дефинираат правата и одговорностите на лицата - потписници на овој договор;“

Алинејата 13 се менува и гласи:

„ - потпишување договор за пренос на средствата и обврските на банката во администрација на банката-купувач (во понатамошниот текст: договорот за преносот на средствата и обврските).“

5. Во главата III точка 19 алинеја 1, по зборот: „пренесуваат“, се додаваат зборовите: „согласно со точка 13 од оваа одлука“.

Алинеите 11, 12, 13 и 14 се менуваат и гласат:

„- ги разгледува добиените понуди, врши нивна оцена и ја избира најдобрата понуда, односно банката-купувач;
- изработува извештај за содржината на добиените понуди и за извршениот избор и го доставува до гувернерот на Народната банка;
- го потпишува договорот за пренос на средствата и обврските;
- дава предлог за прекинување на преносот на средствата и обврските, доколку се исполнети условите од точка 24 на оваа одлука."

6. Во главата III точка 20 алинеја 5, по зборот: „доверливост", се додаваат зборовите: „при преносот на средствата и обврските".

Алинеите 6 и 7 се менуваат и гласат:

„ - ја пропишува содржината на договорот за пренос на средствата и обврските;
- се изјаснува во врска со предлогот за прекинување на преносот на средствата и обврските добиен од администраторот."

7. Во главата III точка 21 алинеја 2, по зборот: „доверливост", се додаваат зборовите: „при преносот на средствата и обврските".

Во алинеја 6, зборовите: „финалниот договор", се заменуваат со зборовите: „договорот за преносот на средствата и обврските".

8. Во главата III точка 22 потточка а) алинеја 4, зборот: „книговодствена", се заменува со зборот: „сметководствена".

Во алинеите 6 и 7 зборовите: „име и" се бришат.

9. Во главата III точка 22 потточка б) алинеи 1 и 4, зборот: „книговодствена", се заменува со зборот: „сметководствена".

Во алинеите 3 и 5 зборовите: „име и" се бришат.

II. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О. бр. 02-15/VI - 1/2010**
**29.04.2010 година**
**Скопје**

**Гувернер и**
**претседател**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**м-р Петар Гошев**